ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (631)

01 2019 03 04/2

Скопје, септември 2019 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| Финансиски извештаи за 2018 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 8 |
| - Сметководствени политики | 8 - 9 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 9 - 10 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-102/11

Дата: 12.09.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за информатичко општество и администација (во натамошниот текст Министерство) на сметката за основениот буџет (631) за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Министерството за 2018 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и во однос на усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерството за сметката за основен буџет (631) за 2015 година и изразивме мислење без резерва во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за информатичко општество и администрација на сметката основениот буџет (631) кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за информатичко општество и администрација за сметката за основениот буџет (631) за 2015 година и изразено е мислење без резерва во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерството застапувано од:

- Дамјан Манчевски – министер од 31.05.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз

завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2019 година до 31.05.2019 година кај Министерството за информатичко општество и администрација, на сметката на основниот буџет за 2018 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 09-72/5 од 14.12.2016 година за извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството, заедно со ревизија на усогласеност со закони и прописи за сметката на основениот буџет (631) за 2015 година не се дадени препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, одржан на ден 13.06.2019 година.
Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за информатичко општество и администрација на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за информатичко општество и администрација, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Министерство за информатичко општество и администрација**
**Сметка на основен буџет (631)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 160 | 10,693 |
| **Вкупно приходи** | | **160** | **10,693** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 10,533 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **0** | **10,533** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **0** | **10,533** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **160** | **160** |
| | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **160** | **160** |

**Министерство за информатичко општество и администрација**
**Сметка на основен буџет (631)**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.2. | 160 | 160 |
| **Вкупно тековни средства** | | **160** | **160** |
| **Вкупна актива** | | **160** | **160** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 160 | 160 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **160** | **160** |
| **Вкупна пасива** | | **160** | **160** |